БИАТЕН Бр.1

# 46.

# МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ "ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" - ПРИЛЕП





ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ
(1875-1951)



10-16 ЈУНИ 2011

# ВИНОЖИТО НИЗ ОБЛАЦИТЕ

*Тука, во лулката на македонскиот театар, каде најубаво мириса од "грамиорната", каде светлото на рефлекторот го следи секој израз на лицето, а штиците ги впиваат актерските реплики, искажани од дното на душата, тука во градот домаќин, грмна аплаузот. Не може да се штима, не може да се глуми и режира и договара, гледачката еуфорија, ракоплескањето кое трае долго, дури и десетина минути. Алауз за великаните, за доајените на актерското и режисерско битисување, аплауз за уште едно ново театарско себепотврдување. Достигнувањата, успехот низ годините, часовите посветени на театарското случување се наградуваат.*

*Ја најави стернатата аплаузи, страста за театарската уметност. А овој, по ред 46 МТФ "Војдан Чернодрински" е зрак, виножито по бура. Велат по облаците, доаѓа сонцето. А тогаш кога економските стеги ги зграпчија сите сфери на општественото живеење, кога, како што рече и уметничкиот директор Петар Темелковски, злобниците посакауваа пропаѓање и стагнирање, македонскиот театар оди напред за себепотврдување, за континуитет на македонскиот дух, битие и простумење. Избија зраците низ облаците, се отвори сцената, киниса уште едно фестивалско издание за да создаде виножито, спектар од претстави, квалитет и достигнувања на театрите во изминатиот едногодишен период. А глумците, можат, знаат и умеат да одолеат на предизвиците, на притисоците, да ја распостелат својата душа и одвнатре да го откорнат и да го растурат најдобртото, емоциите, за да намовнат гледачите, да затрепери срцето.*

*Се отвори сцената, се крена завесата за нов театарски вознес, за ново театарско воодушевување. Заиграа актерите, блеснаа сценографиите, се расплете режисерската мрежа, се долови емоцијата.*

*Македонскиот театар оди напред, простуми. Тоа го бара и традицијата, континуитетот кој го втемелил и патронот Чернодрински за кого оваа година е присет кон шестдецениско живеење без него.*

*Блеска тетарскиот зрак во сивилото на секојдневието за да се засили себепотврдувањето и опстојувањето на културата, на духот, на сите нас.*

# ОТВОРАЊЕ, ОТВОРАЊЕ, ОТВОРАЊЕ . . .



Почна 46. Македонски театарски фестивал "Војдан Чернодрински". Почнаа да се испреплетуваат во виножито од енергија театарскиот дух, театарскиот чин, креативноста, уметноста, музите... Пораките да не прегрне театарот овие седум дена почнаа да стигнуваат од сите учесници: од актерите, од режисерите, од оние зад сцената, од организаторите на сцената.

Уметничкиот директор на Фестивалот Петар Темелковски порача: Светлата точка која беше и останува патронот Војдан Чернодрински чија 60 годишнина од упокојувањето годинава одбележуваме, треба да ја надградуваме како доблест, како афинитет.

Фестивалот го поздрави градоначалникот Марјан Ристески, кој рече дека му претставува особена чест и задоволство да биде дел од театарската магија.

- Фестивалот едноставно претставува средба на старите пријатели и новите ѕвезди на театарската сцена, премиерите и предизведбите, истражувачкото понирање во минатото и возвишеност на откритието дека пораките се актуелни, векови по нивното создавање, векови по мотивите кои се маестрално изведени, кои суптилно го создаваат драмското дејство. Кога се навршуваат 60 години од упокојувањето на патронот Војдан Чернодрински, заслужува уште еден поглед кон минатото, но и нов поглед врз сегашноста и иднината на оваа Манифестација, затоа што историјата сведочи дека Република Македонија и градот Прилеп отсекогаш ја имале привилегијата да бидат расадник на уметничката елита.



Денес Фестивалот е настан што несомнено дава печат на целокупното културно живеење во државава. Овој фестивал преку својата програма нуди пресек на актуелниот театарски миг низ кој минува македонскиот театар. Фестивалот ја отсликува на најдобар можен начин едногодишната продукција и стремежите на нашите театарски творци во доменот на театарскиот израз кој е само уште една потврда за суштинската потреба од театар во нашата земја, потреба за идентификација на културата и традицијата кои се долги колку и самата македонска нација.

Поддржувајќи го овој фестивал создадовме еден препознатлив бренд за нашиот град каде културата и уметноста се достапни за секој граѓанин.

За крај и следнава порака: Театарот на 21 век од нас бара да станеме сериозни гледачи, кои ќе знаат со што се соочуваат. Затоа барем тоа му го должиме на театарот. Да го почитуваме - рече Ристески на отворањето на Фестивалот.

# Фестивалот е отворен . . .



Министерката за култура Елизабета Канческа Милевска, прогласувајќи го за отворен Фестивалот посака театарот да биде авантура и магија.

- Чувствувам неизмерна чест и задоволство, што вечерва можам да се навратам на уметничката историја и на културната традиција на најреномираниот театарски фестивал во нашата земја и што можам да ги поздравам сите автори, сите врвни репродуктивни уметници од Македонија, сите оние што вградија дел од себеси во овој фестивал, пред се на верната прилепска публика која му дарува љубов и долготрајност - рече меѓу другото Елизабета Канческа - Милевска.

Со годинашново издание се одбележува значаен јубилеј.

- Ја одбележуваме 60 годишнината од упокојувањето на големиот поклоник на македонската самостојност, на македонскиот јазик и бит, творецот, кој прв по Константин Миладинов докрај го впрегна нашиот народен говор во извршувањето на големата историска задача. Војдан Чернодрински е еден од најкомплетните македонски драматурзи на 20 век, чие творештво импресионира и по својот обем и по својата нераскинлива поврзаност со револуционерната борба на македонскиот народ. Не случајно овој фестивал, кој го носи неговото име, се случува токму во Прилеп, градот кој е пантеон на македонската борба и во кој љубоморно се чува нашата историја, култура и традиција.

За Канческа-Милевска Фестивалот обединувајќи ги визуелните импресии и пораките на сценскиот говор, овозможи на неговиот културен проскениум да продефилираат најеминентните имиња на денешната современа македонска сцена, да се презентираат најдобрите драмски остварувања од целокупната македонска театарска продукција, квалитетни и естетски издржани претстави, низ кои особено се афирмира македонското драмско творештво. Одекот на креациите на плејадата актери ги надополни вредностите од минатото вклопени во уметничката креација на сегашноста и ѝ понуди на публиката интензивен континуитет на творечка енергија која најголемите медијатори, уметниците ја разменија на овој простор. Во текот на овие 46 години Фестивалот беше вистински полигон на театарската уметност кој произведе многу генерации со изградени критериуми за уметност. Славното име кое го носи Фестивалот не обврзува и во иднина да ги вложиме сите свои напори, тој да остане забележан на европската културна мапа, да продолжи да биде место каде чесно и објективно ќе се вреднува вложената енергија и креативен напор во создавањето на можеби најблагородниот чин на творечкиот дух - театарската претстава. Трајните вредности и нивното негување се од особен интерес за Министерството за култура. Токму затоа имаме особена чест да го поздравиме и да го помогнеме овој Фестивал кој ни го доближи театарот, таа естетска игра, тој влез во непознатото. Уверена сум дека и годинашната програма ќе ни овозможи многу творечки катарзи - рече министерката Елизабета Канческа- Милевска, отворајќи го 46. МТФ "Војдан Чернодрински".

## НАГРАДА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО КОЛЕ АНГЕЛОВСКИ - РЕЖИСЕР, АКТЕР, ДРАМСКИ АВТОР

**- Рековте, при примањето на наградата на свеченото отворање на Фестивалот, дека сте "млад" за награда за живонто дело. Но, тоа не значи дека наградата секогаш треба да се додели при крајот на животниот век?**

- Правев виц бидејќи и Џумерко и Трајче се фактички помлади од мене, иако и двајцата имаат, поголем пензионерски стаж од мене. Има една вистина, всушност секогаш наградите за животно дело се доделуваат на крај на кариерата. Гледаме и како е во светот, нели се доделуваат почесни Оскари - Златна Палма на Бел Мондо. Навистина сум многу среќен што наградата ја споделуваме со Трајче, Џумерко. Нормално е, тоа се луѓе кои го одбележале културното и театарското живеење во оваа држава, секој на свој начин - и двајцата се легенди, а јас себеси и да не се фалам.

**- Оваа награда обврзува?**

- Нема врска... Вообичаено се вели: Одсесга па натаму ќе правам ова, она... . Нема врска. Одсега па натаму, ќе живеам во Маврово, во Леуново и кога ќе има потреба ќе сработам. Сигурно дека не престанувам затоа што се уште се чувствувам и способен и здрав за да работам доколку сум им интересен како режисер и автор, на театарските и телевизиските куќи.



**- Коле е актер, режисер, драмски автор?**

- Започнав како актер во филм. Оваа година славам педесет години уметничко творештво од првиот филм "Саша" снимен 1961 година. Беше неверојатен хит низ Југославија, осум милиони гледачи го видоа филмот. На фестивалот во Пула, добив награда за најдобар дебитант за улогата на Треф, една од трите главни улоги. Се редеа 20-тина филмови кои ги снимив додека бев студент на Академијата во Белград. Имав интересна кариера, богата со награди. Кога ги завршив студиите, се вратив и се вработив во Драмскиот театар во Скопје каде почнав како актер, но брзо почнав и да режирам.

**- Кога се разбуди и режисерското во Вас?**

- И со режијата прво почнав со филмот. Тоа беше филмот "Татко", според расказ на Живко Чинго. Го снимав со многи мака, но од друга страна, филмот имаше неверојатен успех на филмскиот фестивал во Пула. Освои и две Златни Арени, ја освоив награда за режија, и филмот постигна голем успех, но потоа се изгуби и дури пред 4-5 години се најде во Киотеката на Македонија. По тоа, почнав да работам во театар и тоа со детски претстави. Првата претстава ми беше "Мустаќите на Генералот Рококајко" и оттогаш почнав да режирам претстави во Македонија во Југославија. Досега сум изрежирал околу 130 претстави.

**- Кога се чувствувате најубаво - во улога на актер на филм или театар, или режисер на претстава или филм? Што Ве возбудува најмногу?**

- Се е различно, ништо не може да се спореди едно со друго. Снимањето на филм како актер е огромно задоволство, се среќаваш со луѓе кои што ги сакаш, ги цениш, со ѕвезди. Во кариерата имав можност да се сретнам со најголемите светски ѕвезди - Орсон Велс, Јул Бринер, Хајдер Кригер, Франко Неро, Силва Кошчина, па се до ју глумците - Бата Живојиновиќ, Борис Дворник итн... плејада ѕвезди. Снимањата траат два до три месеци, освен Неретва и Сутјеска кои се снимаа две години, и тогаш немаш време ниту да се искараш со луѓето и сé е убаво.

**- Како актер се чувсвтвувате ограничен?**

- Актерот зависи од режисерот кој е наспроти неговата замисла, концепција. Режијата во театар е многу убава работа. Прво работиш текст кој сакаш да го работиш, правиш концепција и избираш глумци

## *НАГРАДА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО КОЛЕ АНГЕЛОВСКИ - РЕЖИСЕР, АКТЕР, ДРАМСКИ АВТОР*



со кои сакаш да ја правиш таа концепција и бидејќи сум позитивен тип, никогаш не сум имал каквги и проблеми - секогаш било: у- ху ху, ха- ха- ха.... Со смешки и такви претстави сум правел. Дури и на "сериозни" кога сум работел, сум имал позитивен пристап. Режијата на филм, е ужасна мака. И двата филма: "Татко" и "Викенед на мртовци" кои ги режирав ги снимав со неверојатни проблеми од сите можни природи: опструкции, немање пари, лажговци. Да се режира филм е многу интересно, потребни се големо знаење, талент и неверојатна упорност за да се истрае. Бидејќи во филмот се вртат големи пари, јас имав среќа и ги снимав без пари и кој било да се појави во филмскиот свет, им пречи на тие претходно и не дозволуваат, прават сé за да го уништат. Мене ми се навртија неколку моќни луѓе, но издржав.

**- Значи сто отсто сте актер, режисер и драмски автор?**

- Работев и во Телевизијата. Направив неколку телевизиски серии "Солунски патрдии", "Викенд на мртовци", "Македонија може", "Театарче лево ќоше"... Многу серии, над 500 часа играна програма за Телевизијата. Нешто што малкумина знаат, а на кое сум особено горд, е тоа што имам преведно преку 50 театарски текстови за прв пат преведени и изведени на сцените во Македонија на македонски јазик и тоа главно од француски јазик, англиски, бугарски, српски итн.

**- Ред актер, ред режисер итн... Како е поубаво, кога режисерската палка е во ваши раце?**

- Многу често кога режирам и кога актерите нема да ми го направат "ќефот", тогаш и јас почнувам да глумам... Сакам одвреме навреме, да поглумам. Инаку, режијата е убава работа која исполнува, а не е примаплива од финансиски аспект. Јас сум единствениот финансики исплатлив режисер во Македонија. Сум изрежирал 130 претстави кои ги виделе 2 милиони луѓе и кои доколку платиле по едно евро, тогаш2 милиони евра е чист приход кој дошол во касата на театрите, а мојата плата и хонорарите за овие 30, 40, 50 години, сугурно не се 2 милиони евра. Што значи со државата сме добитници.

**- Рековте дека и кога правите сериозен текст, сакате да насмеете. Дали во ова денешно време е тешко да се насмее македонскиот човек?**

- Комедијата отсекогаш била на маргините на театарското живеење. Прилепската „Солунски патрдии„ имаше шанса да ја добие наградата на „Војдан Черндорински„ и една критичарка се закани. На Војдан Чернодрински за 46 години, комедија нема добиено награда. Луѓето кои се занимаат со театар, фестивал, секогаш предност даваат на тој, "интелектуален тип" претстави што е многу дискутабилно, затоа што комедијата е второстепена, паљачо, нешто што забавува, а вистинска уметност е нешто кога се страда, пати. Да се насмее публиката е многу тешко, отколку да ја натерате да плаче. Можеби сум субјективен, препотентен, но еве полека си заминувам и нема луѓе кои се занимаваат со комедија. Нема наследници затоа што младите режисери се свесни дека со комедија не можат да направат кариера, а со некоја интересна, серизона претстава можат да направат иднина за себе.

**- Суптилно како да најавувате заминување. Зошто му треба на Коле одмор**?

- Биолошки е, 70-годишен сум и ги немам истата снага и елан како пред 30 години. Сега имам поголемо искуство и ги знам работите.

**- Зад вас се 130 претстви. Кога би требало да кажете која е фаврит или најдрага претстава и актери, кои би биле?**

- Сигурно дека "Солунски патрдии" е топ на топот . И во Скопје и каде 27 години беше на репертоарот на Драмскииот тетатр со една иста генерација која игра од почеток до крај. Во Прилеп досега ниту една претстава се нема толку одиграно и со толку радост која се нуди, позитивна енергија. Сега е модерно да се каже македонски дух- односно тоа е дух на трева, на сонце, сé она што значи живот е во таа претстава и зрачеше од сцената. А глумци, тоа би биле Џумерко и Пепи и десеттина глумци во Драмски со кои цел живот имам работено. Има една вистина - секогаш кога сум работел во театрите, никогаш не сум носел гости, сум работел со актерите кои биле и со нив сум правел концепција. Секогаш работев според состојбите и условите во театарот.

# Гледавме . . .



Драмскиот театар - Скопје
**"ХАМЛЕТ"** од Вилјам Шекспир
Режисер: Дејан Projковски
Играа: Дејан лилиќ, Бранко Ѓорчев, Драган Спасов, Филип Трајковиќ, Катерина Коцевска, Игор Ангелов, Никола Ацески...

# Претставата . . .

Одигрувањето на претставата Хамлет како познатото класично дело за судирот на индивидуата и општеството е голем предизвик како за актерската екипа, така и за режисерот. Ова се потврди и синоќа, кога со оваа претстава беше отворено 46-тото издание на МТФ "Војдан Чернодрински", при што љубителите на театарската уметност имаа можност да видат сложена драмска структура, со која се мери капацитетот на сценските институции во светот. Основата на шекспировиот Хамлет лежи во прашањето "да се биде или да не се биде" и затоа според многу теоретичари, Хамлет е едно од делата кои се во постојан дијалог со Бога, кое, заради тоа, треба да се стави меѓу светските докази за постоењето на оваа цивилизација.

Ликот на Хамлет совршено го долови неповторливиот Дејан Лилиќ. А и целата актерска екипа, и овде во Прилеп, совршено ја исполни својата мисија. На публиката и претставија едно врвно дело, кое првпат, на сцената на Драмскиот театар било поставено пред 30 години, во далечната 1981 година.

Хамлет, и според коментарите на публиката, може да се вброи во делата што не се опишува само еден лик со слабости и доблести, туку, тоа е и опис на целто човештво, воопшто.

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

**Дејан Пројкоски,** режисер:

Прилепската публика располага со префинет театарски вкус. И тоа е дополнителен поттик за игра. Посебна е возбудата да се игра на МТФ. Драго ни е што претставата, по меѓународната турнеја, стигна во Прилеп и се прима на ист начин како во странство. Публиката се идентификува со нашиот Хамлет, со нашиот, важниот слоган денес - "Да се биде или да се биде", како единствена опција на херојот. Зашто е безалтернативна опција на обичниот човек во 21 век. Како што нашиот Хамлет, Дејан Лилиќ, кажа дека создаваме еден Хамлет што се сите два милиони луѓе во нашата држава. Хамлет во оригинала верзија трае шест часа. Претставите не се делат на долги и куси, туку на добри и лоши. Нашиот Хамлет, се надевам, ќе се најде во добрите, а судот на публиктата е последниот. Предизвик беше да се поставаат вечните дилеми, денеска во 21 век во Македонија, каде е човекот каде е поединецот, неговата борба со општеството, таа вечна тема. Дури и весникот Гардијан во Лондон пишуваше како еден од Хамлетите што топло се препорачува да се гледа, оти внатре има актерска екипа што публиката ја прави посебно среќна.

**Дејан Лилиќ,** актер:

Сон на секој актер е да игра добри улоги, без разлика како ќе се викаат. Никогаш не сум сонувал да го играм Хамлет. Еден мој колега, Игор Трпче тој го играше многу убаво Хамлет уште на академија. Прилепската публика реагира супер. Ја сакам. Таа не е обична. Ме прашаа дали ќе знае кога е крај кога е пауза, а на 46 фестивал оваа публика е рафинирана, многу знае за театарот, повеќЕ отколку во другите градови, вклучувајќи го и Скопје. А и салата е многу добра доволно е широка и акустична и погодна за игра на секој актер. Најголема награда за мене е кога видов среќни луѓе, кои аплаудираат, кога те гушкаат по претставата, кога разменуваме и тага и болка и радост. Најголемата награда е пибликата која остана неколку часа на топло време.

**Драган Спасов - Дац,** актер:

Хамлет е уиграна претстава што не беше нешто необично од актерски агол. Публиката реагираше одлично, освен неколку ѕвонења на телефони и разговарања. Разговарањето е недозволено, тоа е тотална театарски некултура, барем ако може да се случи ѕвонење. Некој веројатно заскитал в театар. Одигравме одлично, оти претставата може да варира плус-минус еден отсто. Тоа го чувствуваме само, ние, актерите. Тоа го покажавме во Прилеп, во Скопје во Лондон, во Белград

**Бранко Ѓорчев,** актер:

Претставата имаше европска фантастична турнеја каде и анаглиските весници оценуваа со високи оцени. Редно беше Хамлет да се појави и на МТФ. Подолготот траење не пречеше, на пример во Англија. Исто така, не пречеше во Софија. Ако се знае дека, според интегралниот текст, би требало претставата да се игра околу четири часа, тогаш не е вистинско доживување скусената веразија со пауза. Кога некој решил да гледа класика мора да се соочи тој факт.

# П у б л и к а т а . . .

**Марјан Василески** - Шекспировите дела, сами за себе претставуваат своевидно доживување, а кога пак, нив на сцена ги поставуваат професионални театри, тогаш, доживувањето е еднакво на катарза. Вечерашниот театараски приказ на Хамлет од актерите на Драмскиот театар од Скопје никого од публиката не остави рамнодушен. Задоволен сум, иако малку недостигаа стихуваните реплики.

**Петар Петејчук** - Ако судиме по ова што вечерва го видовме, се чини дека годинава ќе имаме одлични претстави. Прететавата "Хамлет" е феноменална и ме заинтригира да ги гледам и другите. Одлична актерска игра на целиот ансамбл, а особено бев воодушевен од роњата на Дејан Лилиќ.

**Стефанија Петкоска** - Мислам дека Драмски со секоја претстава само се себедокажува, дека, едноставно, знае да направи полн театраски погодок. Ми се допадна претставта... Може малку подолго трае, ама, важно не е здодевна......!!!!

**Марија Стефаноска** - Иако Шекспир и Хамлет се класика, она што вечерва го видов, барем за моите поимања на театарот, е малку подалеку од очекувањата. Претставата во целост е добра..., но, јас претпочитам класични дела прикажани на класичен начин, без примеси на модерното...

ТОДОР КУЗМАНОВ, театарски критичар

# ЧЕРНОДРИНСКИ ДЕНЕС

## или режисерско навраќање кон битовата драма

Убаво е во годината кога се навршуваат 6 децении од смртта на основоположникот на современиот македонски театар и драма Чернодрински, да се потсетиме и да размислиме дали и колку е тој присутен денеска на нашите театарски сцени. Прашањето е и поопшто, дали и колку нашата драмска класика, што во принцип значи, нашата битова драма е присутна, каква е нејзината улога, смисла и значење?

По долг период на апстиненција, би рекол, во последните две-три децении како да се враќа интересот на театарските творци ( драмски автори, режисери...) токму за нашата класична битова драма, а во овој ред , се разбира и кон Чернодрински. Практиката покажува дека има разни модели на однос кон битовото драмско писмо. Оние што го презираат  не го третираат, а оние кои го ценат и почитуваат се обидуваат да го препрочитаат. Секој ваков обид пред се, значи препрочитување кое ќе биде во контекстот на современите собитија т.е. да се побара дали класичните дела можат да го издржат тестот на времето! Некои автори во приодот се радикални, други помалку радикални, а трети ултра радикални, па така класичните дела се основата на новите драми, или се значајно редуцирани, штрихувани или виодизменети, а во третиот случај тие се само појдовна идеја врз која потоа израснува градбата на нов драмски текст, дискурс, сценски чин. И овде важи правилот дека уметноста е можна на милион начини, но кога ќе се избере некој од нив, потоа мора да се остане доследен и консеквентен за да стане збор за сериозно остварување. Примери за наведените тези во нашата театарска практика има многу. Мнозинството од нив потврдуваат дека навраќањето на драмското наследство не залуден и јалов труд туку продуктивна творечка работа која понекогаш донесува фасцинантни резултати, отвора хоризонти, нуди перспективи и можни правци на развој на нашата современа драма и театар. Само, се разбира, треба јунаци кои ќе го прифатат и доследно ќе го спроведат предизвикот.

Во врска со навраќањето на нашата драмска класика има, за жал, и грди примери кога кон неа се приоѓа со иронија, пародија, цинизам, автодеструкција и потсмев кои повеќе зборуваат за промашеноста на извесни некадарни и залутани патници во сферата на театарската уметност отколку за нивните злоупотребени примери. Како и да е, факт е дека успешно спроведените проекти по теми и мотиви на нашата битова (класична) драма јасно докажуваат дека е таа има есенција, суштина, универзалност и безвременост. Во уметноста, како и во животот, формите се менуваат, но јадрото останува...Или како што веќе некој го формулирал проблемот, дека одамна прашањето не е што ќе се постави, туку како ќе се постави. Тоа важи подеднакво за антиката, ренесансот, класицизмот, романтизмот и разните други ,изми,...па се до постмодернизмот, па во тој ред и за нашата битова класична драма и театар. Убав пример за изложеното имаме и на годинашново издание на фестивалот, тоа е постановката на АНТИЦА на Прилепскиот драмски ансамбл и на режисерот Бранко Брезовац. Кога странците се занимаваат со нашиот бит проблематиката станува интересна и провокативна. Тоа апсолтуно се прифаќа како релевантен приод од дистанца, без емоции, но и без предрасуди...

# Изложби, промоција . . .



## Изложба театарски фото-документи "ЧЕРНОДРИНСКИ 060"

Изложба на фотографии, плакати и програми од дваесет претстави на македонските театри работени според текстови на Војдан Чернодрински, како и плакатот и фотографиите од филмот "Македонска крвава свадба", именувана "Чернодрински 060" беше отворена пред стартот на Фестивалот. Според авторот на изложбата д-р Ана Стојаноска, симболичниот бројчаник е поставен со цел да одбројуваат мигови, сеќавања, допири и влијанија, или поедноставно кажано, годините што македонскиот театар му ги посветува на својот прататко - Војдан Чернодрински.

- Шеесет години од смртта на Чернодрински, за сите нас што се занимаваме со театар значи можност да направиме ретроспектива на тоа што се сме направиле со наследството што ни го оставил. Бидејќи македонскиот театар ги милува јубилеите, во оваа прилика сакав да ви покажам дел од театарските архиви на македонските театри, како и дел од филмскиот фонд и од збирките што ги чува Институтот за театрологија при Факултетот за драмски уметности - Скопје. Идејата да се прикажат фотографии и плакати и програми од претставите работени според драмите на Чернодрински, се покажа како одличен иницијален модус, на кој начин да го користиме и чуваме театарското наследство.... Во духот на современите театролошки тенденции кои денес доминираат со светот, фотографијата, програмчето и/или плакатот се основниот непосреден извор за истражување на светот на театарот. Бидејќи претставата трае еден миг и потоа останува само како сеќавање оваа година целиот јубилеј за обележување на Шеесетгодишнината од смртта на Чернодрински е фокусиран на сеќавањата оставени од него, без разлика дали се приватни или театарски - рече д-р Стојаноска.

## Изложба на слики од колонијата Де Ниро



Изложба на слики од колонијата Де Ниро беше отворена пред почетокот на Фестивалот. Изложени се 25 слики создадени од 18 уметници учесници на минатогодишната ликовна колонија која се одржува во Битола.

Прилепчани имаат можност да ги видат делата на нашиот сограѓанин Васил Костов, на Панде Петровски, Мирослав Масин, Трајче Јачевски и Владимир Ѓорѓиевски од Македонија, Драган Мијац од Црна Гора, Џеко Хоџич од БиХ Мариане Тарконен од Шведска и сликари од Словенија и Албанија.

# Изложби, промоција . . .



Изложбата на Колонијата Де Ниро, што се реализира веќе петта година пред стартот на Фестивалот, како што рече Панде Петровски на отворањето, е резултат на добрата соработката меѓу Центарот за култура и колонијата, која постои шест години. Во името на таа добра соработка организаторот на Колонијата Драги Филевски, на Петар Темелковски, уметнички директор на Фестивалот и на Тони Чатлески, директор на ЦК"Марко Цепенков" им врачи благодарници.



**"Театар без остатоци" од Лилјана Мазова**

Книгата "Театар без остатоци" од театарскиот критичар Лилјана Мазова, денеска ја промовираше драмскиот автор Братислав Димитров, кој рече дека станува збор за документарна автобиографска проза.

- Книгата на Лилјана зборува на еден свеж и оригинален начин за театарот од повеќе аспекти: етички, естетски. Таа е сумирање на долгогодишната нејзина работа, на проследувањето на театарот и во ниту еден момент не се заборавени најважните работи во животот - детството и семејството - рече Димитров.



"Театар без остатоци" според Мазова е создадена од различностите на поводот и намената.

- Никој не може да каже дека е имун на какво и да е влијание. Никој не е роден конечен. Сите сме онакви какви што сме се развиле, но полека и непостојано. Има тоа малку и во гените, од образованието, од интересот. Се учи и од околината и од животот, од примерите околу себе. Така се создава моралот, погледот на светот и присуството во него. Секој за себе ја создава различноста. Којзнае зошто. Различноста е точката од која се поаѓа....На читателите сакав да им ја раскажам мојата приказна, а насловот на книгата дојде од поетесата, драмски писател, театролог Љубица Остојиќ од Сарајево. Во книгата е мојата приказна за театарот како моја меморија. Одамна си го именував како ковчег со време. Во еден дел е меморијата на тој ковчег: од моите театарски патувања, потоа сосем мал дел избор од рецензии за претстави, па за актерите кои ја кажуваат сценската приказна. Има дел и за портрети на актери, кои јас ги нарекувам "нуркачи во височина". На крај, необично ама е ставено интервјуто што со мене го работеше Блаже Миневски. Тоа е блиска средба со мојот став, искуство , паметење и знаење за театарот - вели авторката Лилјана Мазова.

# А Т М О С Ф Е Р А . . .



Итар Пејо и Аџи Јанкула се надмудруваат по којзнае кој пат. Дали Аџи Јанкула конечно ќе ги плати манџите? - Наградените за животно дело Џумерко и Трајче.

- - - - - - - - - - - - -

Публиката обожава театар. Продадени се влезниците за седумте дена.






Прилепчани ја "замуабетија" министерката. Дали ќе ја одоброволат да го одврзе кесето?

- - - - - - - - - - - - -

По се изгледа мустаќите се во мода. Дали Сенко го митира Џумерко или во прашање е влијанието од турските серии?



# Ќ Е Г Л Е Д А Т Е . . .

САБОТА, 11 јуни

19.30 часот - НТ "Војдан Чернодрински"
НУЦК"Марко Цепенков" - театар"Војдан Чернодрински"
**"Антица"** од Ристо Крле, режија Бранко Брезовец

22.00 часот - сцена ЦК"Мрко Цепенков"
Битолски театар
**"Обична приказна"**од Марина Ладо, режија Љупчо Ѓорѓиевски

24.00 - НТ"Војдан Чернодрински"
Театар Охрид
**"Среќни денови"** од Бекет, режија Градимир Гоер

НЕДЕЛА, 12 јуни

19.30 часот - НТ"Војдан Чернодрински"
Театар Велес
**"Нора"** од Ибзен, режија Никола Ристов

22.00 часот - ЦК"Марко Цепенков"
Турски театар
**"Арапска ноќ"** од Шимелфениг, режија Слободан Унковски

24.00 часот - НТ"Војдан Чернодрински"
Театар Штип
**"Свекрва"** од група автори, режија Софија Ристовска

ПОНЕДЕЛНИК, 13 јуни

12.00 часот - Сцена 105
трибина **"Селектирани сеќавања - Чернодрински - 60 години отпосле"**

19.30 часот - НТ"Војдан Чернодрински"
Албански театар
**"Оркестар"** од Ануи, режија Наташа Поплавска

22.00 часот - ЦК"Марко Цепенков"
Мал драмски театар
**"Спиноза"** од Гоце Смилевски, режија Зоја Бузалковска

24.00 часот - НТ"Војдан Чернодрински"
ФДУ Скопје
**"Дон Жуан се враќа од војна"** од Хорват
дипломска претстава по актерска игра во класата на Владо Цветановски и Мими Таневска

# ОГЛЕДАЛО НА ФЕСТИВАЛОТ

## 46. МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” – ПРИЛЕП

**Покровители:**
***Министерство за култура на Република Македонија***
***Собрание на Општина Прилеп***

**Собрание на МТФ:**
Сенко Велинов - Македонски народен театар - Скопје
Јордан Витанов - Театар Велес
Бранко Ѓорчев - Драмски театар - Скопје
Адем Карага - Албански театар - Скопје
Трајче Кацаров - Театар Штип
Атила Клинче - Турски театар - Скопје
Драган Маџиров - Театар Струмица
Петар Мирчевски - Народен театар - Битола
Роберт Павлески - Театар Куманово
Кирил Ристоски - Факултет за драмски уметности - Скопје
Валентин Светозарев - Народен театар - Битола
Артан Скендери - Тетовски театар - Тетово
Тони Чатлески - Театар Прилеп

**Извршен одбор на МТФ:**
Сенко Велинов - Претседател
Бранко Ѓорчев - Член
Адем Карага - Член
Јордан Витанов - Член
Валентин Светозарев - Член

**Уметнички директор:**
Петар Темелковски

**Жири комисија:**
Веби Керими
Лилјана Мазова
Петар Мирчески

**Секретар на МТФ:**
Стојан Дамчески

**Технички секретар:**
Љупчо Тодоровски

Билтен на 46. МТФ “ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - Прилеп
**За издавачот:** Петар Темелкоски
**Уредници на Билтенот:** Елизабета Митреска, Каролина Мицевска, Светлана Ристеска, Каролина Дурло и Љупчо Мургоски
**Фотографии:** Елизабета Митреска, Светлана Ристеска и Каролина Мицевска.
Печати: “ТИРЕКС” - Прилеп
Македонски театарски фестивал
**“ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - ПРИЛЕП**
Центар за култура “Марко Цепенков”
7500 Прилеп
тел.: 048/401-630 или 425-520
факс: 048/401-631
E-mail: mtf_vc@yahoo.com, info@mtf.com.mk
www.mtf.com.mk